# Локален Економско Социјален Совет
# на Општина Битола

**Записник од четвртата седница на ЛЕСС**

**одржана на 21.11.2023**

Состанокот го започна Претседателката на ЛЕСС Битола, Гордана Балтовска, со информирање на присутните за дневниот ред.

1. Разгледување на заклучоците од третата седница поврзани со активностите реализирани во периодот од март 2023 до ноември 2023
2. Постапување согласно член 6 од Деловник за работа
3. Организација на настан заедно со Младински културен центар „Слободните индустриски зони и нивното значење за економскиот развој на Битола"
4. Разно

Дневниот ред кој претходно беше испратен до членовите на емаил, беше едногласно усвоен.

Разгледувањето на точките започна од точка 3 (поради посебниот режим на сообраќај тој ден, двајца од членовите – Никола Јовевски и Борче Корлевски најавија дека малку ќе задоцнат, но дадоа согласност за отпочнување на седницата согласно Деловникот за работа). Точката 3 се однесуваше на организација на настан на тема: „Слободни индустриски зони и нивното значење за економскиот развој на Битола", во организација на МКЦ Битола, со предлог на Мери Нашоку од МКЦ Битола, активноста да се реализира на 01.12.2023.

Секретарот на Општина Битола и заменик преседавач на ЛЕСС, Борче Димитровски информираше дека темата е компатилбилна и за Битола и ЛЕСС. Тој нагласи дека, двете индустриски зони треба да се подобрат во начинот на функционирање, како и да се отвори темата за инвестиции во Индустриската зона. Димитровски нагласи дека од 2016/2017 не била отворена темата за ИЗ Жабени, а исто така и темата за старата индустриска зона и инфраструктурата. Тој потенцираше дека за улицата Бурса изготвен е проект и дека согласно најавената динамика од Министерството, истата треба фа се направи на почетокот на идната година.

Мери Нашоку, потенцираше дека, Јавната дискусија на оваа тема ја организираме поради актуелноста а со цел да се развие активна дискусија меѓу граѓаните, да се извлечат заклучоци и решенија за општина Битола кои заеднички би ги адресирале до донесувачите на одлуки.

На јавната дискусија ќе се отвори дискусија за инфраструктурните предизвици со кои се соочуваат индустриските зони во Битола, можностите за нивно надминување, како и улогата на инвестициите во индустриските зони за стимулирање на нови и подобри работни места, со акцент на задржување на младите луѓе во Битола.

# Локален Економско Социјален Совет
# на Општина Битола

Настанот се реализира во рамките на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата" на МКЦ Битола со поддршка на Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска.

Претседавачот на ЛЕСС, Гордана Балтовска, констатираше дека: Мери Нашоку во координација со секретарот на ЛЕСС, Цветанка Ристевска, ќе ја дефинира агендата со присутни панелисти, ќе изготви агенда за целосна организација на настанот, каде ќе има говорници од општината, трите индустриски зони и ТИРЗ, со опфаќање на можностите за инвестиции, по што ќе бидат искомуницирани останатите членови, кои добро е да присуствуваат на настанот.

Точката 3 беше едногласно усвоена од присутните, а во меѓувреме пристигнаа и членовите кои најавија дека доцнат поради посебниот режим на сообраќај во градот.

Во однос **точка 1 Разгледување на заклучоците од третата седница поврзани со активностите реализирани во периодот од март 2023 до ноември 2023,** заменик претседавачот Гордана Балтовска потенцираше дека реализирани се сите заклучоци од претходната седница, односно нагласи дека:

**1, Да се достави допис од ЛЕСС Битола и да се номинира претставник од страна на КСС на местото на Зоран Михајловски** – Допис беше испратен и на негово место беше номиниран Никола Јовевски.

**2. Извештајот и акцискиот план на ЛЕСС да се доставаат на разгледување и усвојување од страна на Советот на општина Битола на седницата во април.** На седницата на Советот беше усвоен Извештајот и акцискиот план на ЛЕСС.

**3. Да се изготви Стратегијата за локален економски развој, истата да се достави на разгледување од членовите на ЛЕСС (членовите да се изјаснат, доколку е потребно на он-лајн состанок), а потоа да се даде на усвојување од Советот на општина Битола (јуни 2023)** – ЛЕСС зеде активно учество во изготвување на Стратегијата за економски развој, истата беше презентирана на јавна презентација, беше постапено по забелешките и беше усвоена од Советот на општина Битола на седницата одржана на 02.10.2023. Печатен примерок од Стратегијата беше доставен до сите присутни на седницата на ЛЕСС.

**4. Да се даде поддршка и активна вклученост во организација на „Отворен ден – нови перспективи" (Саем за кариера), чиј носител на организациските подготовки е УКЛО Битола.** Во врска со овој настан, Балтовска потенцираше дека истиот беше успешно организиран на 25.04.2023 и претставува добар пример кој понатаму продолжи да се практикува и на другите единици во рамките на универзитетот.

Балтовска нагласи дека, покрај овие активности, ЛЕСС, преку свои претставници ја продолжи соработката со МКЦ Битола и учествуваше на следните настани:

**Извештај за реализирани активности на МКЦ Битола во соработка со ЛЕСС Битола во 2023**

Во периодот мај – октомври 2023 година во рамките на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата" во организација на Младинскиот културен центар – Битола и со поддршка на Меѓународниот центар Олов Палме од Шведска се организираа следните активности во кои ЛЕСС Битола зеде активно учество:

# Локален Економско Социјален Совет
# на Општина Битола

- **Средби за размена и вмрежување на ЛЕСС**

1. **Прва средба за размена и вмрежување на ЛЕСС во Куманово**

На 12.05.2023 во просториите на Општина Куманово се одржа првата средба на ЛЕСС за 2023 година, а домаќини беа општина Куманово и Локалниот економско-социјален совет на општина Куманово.

На средбата зедоа учество претставници на ЛЕСС од Куманово, Битола, Гостивар, Кавадарци, Ресен и Штип. ЛЕСС Куманово е позитивен пример како преку социјален дијалог може да се помогне за решавање на важни прашања на локално ниво: гасификација на индустриските зони, зголемување на платата на работниците во чевларската индустрија, проблемот со увоз на замрзнато месо, хуманитарни акции за социјално загрозени лица итн. Се разговараше за предизвиците на модерното време и беа споделени низа практики за реализирани настани и активности помеѓу сите учесници како и за можностите за соработка и заедничко делување за подобри економски и социјални политики и кохезија.

2. **Втора средба за размена и вмрежување на ЛЕСС во Ресен**

На 14.9.2023 се реализираше втората средба за размена и вмрежување меѓу Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС) предвидена за оваа година. Овој пат, домаќини беа Општина Ресен и Локалниот економско-социјален совет при општина Ресен.

Настанот го поздрави Јован Тозиевски, Градоначалник на Општина Ресен, а зедоа учество претставници од ЛЕСС од Битола, Струга, Гостивар, Кавадарци, Ресен и Демир Хисар и други локални чинители.

Учесниците од бизнис секторот и стопанската комора ја потенцираа важноста и улогата на ЛЕСС во регионалниот економски развој преку активно вклучување во актуелните процеси на зелена транзиција. Се даде предлог за застапување за поформално учество на ЛЕСС во креирањето на локалните/општински буџети.

Се споделија успешни примери за заедничко делување на локалната власт, бизнис секторот, факултетите и граѓанскиот сектор – локални партнерства за вработување преку ЛЕСС - Отворен ден „УКЛО и пријателите“ во Битола за стимулирање на младите да останат во родните места преку понуда на квалитетно школување и сигурни работни места, субвенционирање на летна универзитетска пракса итн.

Позитивни примери се и формирањето на комплетно нов ЛЕСС во општина Демир Хисар на иницијатива на локалниот бизнис сектор, активното вклучување на ЛЕСС во подготовката на стратегиите за локален економски развој на општините Ресен и Битола, подготовка и усвојување на нов акциски план на ЛЕСС во општина Гостивар итн.

- **Обука за јакнење на капацитетите на Локалните економско социјални совети на тема заштита од корупција**

Од 17 – 19 октомври 2023 во Охрид се реализираше обука за јакнење на капацитетите на Локалните економско социјални совети на тема заштита од корупција. На обуката зедоа учество претставници од ЛЕСС Битола, Струга, Тетово, Гостивар, Ресен, Кавадарци и Демир Хисар.

Обуката овозможи учесниците да добијат подлабински информации за состојбата со корупцијата на национално и локално ниво, како и за начините како ЛЕСС може да влијаат за нејзиното намалување, преку поддршка во креирање и следење на политики и мерки за заштита од корупција на локалната власт.

Преку пленарна работа, презентации и дискусија, работа во групи, се опфатија важни теми: фактори и причини за корупција, најранливи сфери на корупцијата, антикорупциска регулатива и политики за борба против корупција, антикорупциски практики на локалните власти, транспарентност на локалната самоуправа итн.

Балтовска дополни дека, ЛЕСС Битола, зеде активно учество и на конференцијата на КСС на тема: ***„Да зборуваме гласно! Да работиме гласно! Заедно за пристојно, безбедно и здраво работно место!"*** каде беа искажани ставови во однос на превенцијата како важен сегмент во безбедноста и здравјето при работа во насока на градење пристојни работни места. Конференцијата се одржи на ден **04.10.2023** година со почеток во **11,00** часот во **х.Милениум, Битола.**

После усното образложение од страна на Претседавачот на ЛЕСС, точката беше едногласно усвоена.

Потоа, Гордана Балтовска ја прочита точка 2 од дневниот ред која гласи: Постапување согласно член 6 од Деловник за работа, за што го прочита член 6, односно:

Член 6

Претседавачот, заменикот претседавачот и секретарот се избираат со јавно гласање
На седницата на која се врши избор на претседавач, заменик претседавач и секретар мора да се присутни најмалку 2/3 од членовите, а лицето се смета за избрано доколку за него позитивно се изјасниле мнозинството од присутните членови.
Мандатот на претседавачот и заменик претседавачот изнесува 1 година со можност за реизбор по прифаќање на доставениот извештај за работа во изминатата година.
Претседавачот, заменик претседавачот и секретарот се разрешуваат со јавно гласање.
Претседавачот, заменик претседавачот и секретарот се разрешуваат доколку за предлогот позитивно се изјасниле мнозинството од присутните членови, но само доколку се присутни 2/3 од вкупниот број од членовите.

Со бројот на присутни членови (прилог листа на присутни), Балтовска констатираше дека кворумот за гласање е испочитуван.

Извештајот за работа беше доставен заклучно со март, а останатите активности беа успешно реализирани и усно презентирани.

Заменик претседавачот, Борче Димитровски ја потенцира важноста на Стратегијата за локален економски развој, која ги надминува и мандатите на локалната самоуправа и која беше изгласана едногласно од страна на Советот на општина Битола.

Марица Тодоровска, претставник од Советот на Општина Битола во ЛЕСС нагласи дека: Контурите на ЛЕСС се цврсто поставени. Таа нагласи дека Гордана Балтовска, Борче Димитровски и Цветанка Ристевска, треба да продолжат да ги извршуваат функциите претседавач, заменик претседавач и секретар на ЛЕСС Битола.

Борче Корлевски, претставник во ЛЕСС од Советот на Општина Битола, нагласи дека добро е што е изготвена Стратегијата за локален економски развој, но секогаш треба да постои напор да се направи нешто повеќе.

Љупчо Василевски од ССМ нагласи дека, за да постигнеме резултати, треба да се залагаме за континуитет.

Мери Нашоку го потврди предлогот да продолжи работата на претседателството, со препорака за почести состаноци на ЛЕСС. Реализацијата на една до две иницијативи годишно ќе биде многу добра потврда за успешност.

Согласно Точка 2 и образложеното во дискусијата, Гордана Балтовска, предложи: Се предлага продолжување на мандатот на преседавачот и заменик преседавачот на уште една година.

**Предложената точка беше едногласно усвоена.**

**Во точка 4 Разно, беа дадени неколку предлози:**

Гордана Балтовска потенцираше дека во идниот период треба да се направи поголема промоција на ЛЕСС, неговата улога, реализацијата и резултатите. Ваквата реализација би се овозможила и преку минимална поддршка на здруженија и јавни повици на кои би се дала поголема поддршка за активностите на ЛЕСС. Мери Нашоку, потенцираше дека поголемата промоција е навистина потребна за да се разбере потребата и начинот на функционирање, како и значењето на ЛЕСС

Гордана Балтовска, информираше дека Стопанска банка, минатата година, беше поддржувач на „Зимска приказна", која навистина се реализираше со голема успешност. Затоа препорача вмрежување на културата и туризмот, со тоа што ќе се задржат луѓето во Битола во предновогодишниот период и ќе се привлечат повеќе гости, ќе се вклучат претставници на занаетчиската комора и претставници на Старата чаршија и ќе се овозможи организирана туристичка понуда низ Зимска приказна, што понатаму ќе придонесе за креирање на организирана туристичка понуда, поврзување со туроператори и развој на културниот туризам во Битола, а со тоа ќе се придонесе и кон економски придобивки за Битола. За таа цел, Балтовска предложи, да се достави предлог до одговорните лица во одделенијата и секторите на општина Битола и до Советот на општината: „Зимска приказна", да продолжи да се реализира како дел од Програмата за туризам. Во прилог на ова, беа потенцирани и податоците од изминатите две години за зголемен број на посетители не само од соседните градови, туку и од соседните земји.

Борче Димитровски, заменик претседавач на ЛЕСС, нагласи дека Битола, преку култура и уметност, може да даде посебен придонес кон јакнење на туристичкиот потенцијал. Во Македонија има градови кои речиси никогаш не биле организатори на предновогодишна програма, особено со ваков програмски концепт, кој може да даде бенефит од економски, културен и туристички аспект и заживување на Старата битолска чаршија.

Мери Нашоку, додаде дека ЛЕСС треба да даде поголема ангажираност за поголемо вмрежување со искористување на дипломатски контакти и искуства. Во овој контекст нагласи и дека на 14 и 15 декември, МКЦ ќе организира национална конференција **„ЛЕСС – иницијатори и поддржувачи на зелени работни места"** во рамките на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата" со поддршка на Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска.

# Локален Економско Социјален Совет
# на Општина Битола

**Гордана Балтовска, претседавач на ЛЕСС, под точка разно ги извлече следните заклучоци:**

- Да се овозможи минимална поддршка на ЛЕСС по примерот на другите совети во општината за поголема афирмација и промоција на активностите на ЛЕСС. **Заклучокот беше едногласно усвоен.**
- Давање предлог до општината за внесување на „Зимска приказна" во Програмата за туризам на Општина Битола, дисперзирање на настаните во Старата битолска чаршија и креирање на организирана туристичка понуда низ „Зимска приказна". **Заклучокот беше едногласно усвоен.**

- Да се овозможи поголемо вмрежување со воспоставување на контакти со дипломатски претставништва, размена на искуства и примена на позитивни примери. **Заклучокот беше едногласно усвоен.**

**Четвртата седница на ЛЕСС заврши во 13 часот и 20 минути.**

**Записникот го водеше**

Секретар на ЛЕСС Битола

Цветанка Ристевска

**Претседавач на ЛЕСС**

Гордана Балтовска

Бр.40-173/2

21.11.2023